


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 59,
МЕСЕЦ
ЈУНИ 2024

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАН Е И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛ. „ИНДУСТРИСКА“. ПРЕТХОДНО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРЕКУ НИВНА ПРОГРАМА ПОСТАВИЈА НОВА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 10 500 000 ДЕНАРИ И ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1300 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ЗАТВОРЕНИОТ БАЗЕН КОЈ Е НА ЛОКАЦИЈА НА ПОРАНЕШНА ЛАЛУНА.
ИСТИОТ ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, НО И РЕКРЕАТИВНО ЌЕ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ СИТЕ ОСТАНАТИ ГРАЃАНИ.





ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ. ВКУПНАТА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.
ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА, ДОДЕКА ПАК СТАРИТЕ СЕ РЕПАРИРААТ ОД СТРАНА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ.





ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ „ОХРИДСКА", ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ЗАПОЧНА СО РАБОТА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА "БАМБИ" ВО С. ДРЕНОВО, ВО СОСТАВ НА ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА. ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА САМИОТ ОБЈЕКТ, ХОРТИКУЛТУРНО БЕШЕ УРЕДЕН И ЦЕЛИОТ ДВОР А ПОТОА И ЦЕЛОСНО БЕШЕ ОПРЕМЕНА.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА ПЕШАЧКИ МОСТ НА УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ", КОН О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО".
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО ИНВЕСТИРААТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. ДЕНЕС СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО С.БОХУЛА СО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРУЖЕН ТЕК НА СПОЈОТ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СО БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ. СЕ ВРШИ КОМПЛЕТНА ПРОМЕНА НА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА, ТАМПОНСКИ СЛОЈ А ВО НАРЕДНА ФАЗА И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 3,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА КОЈА ГИ ПОВРЗУВА ДВЕТЕ ПАРКИНГ МЕСТА ОКОЛУ СПОРТСКИ ЦЕНТАР „ЈАСМИН" КАВАДАРЦИ, И ИСТАТА Е СО ПОВРШИНА ОД 900М2. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!





ЗАПОЧНА РЕДОВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ПРОТИВ ГЛОДАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОНТИНУИРАНО СЕ РАБОТИ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ! ОБНОВУВАЊЕ НА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ЗА РАСПРСКУВАЊЕ НА УЛ. „7 СЕПТЕМВРИ“, КАЈ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ. МЕХАНИЗАЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ!



ВО ТЕК Е КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ. ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „27 МАРТ“ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ОДНОСНО СЕ ИЗВРШИ ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА ОД АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА. СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ РЕШЕТКИ, СО ШТО ПРОБЛЕМОТ СО ВОДИТЕ НА ОВИЕ ГРАЃАНИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е АСФАЛТИРАЊЕТО НА КРУЖЕН ТЕК НА СПОЈОТ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СО БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ.
ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВРШИ КОМПЛЕТНА ПРОМЕНА НА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА И ТАМПОНСКИ СЛОЈ. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 3,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

БЕШЕ СПРОВЕДЕНО ПРВОТО АВИОНСКО ПРСКАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ. СО ТРЕТИРАЊЕТО БЕШЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С. МАРЕНА, ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, С. ВАТАША ПА СЕ ДО БРАНА МОКЛИШТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА БОНИЕР ОД КУМАНОВО.



АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДВА СЛОЈА НА КРАК ОД УЛ „ОХРИДСКА" ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





АСФАЛТИРАНА Е ПРИСТАПНАТА УЛИЦА КОЈА ГИ ПОВРЗУВА ДВЕТЕ ПАРКИНГ МЕСТА ОКОЛУ СПОРТСКИ ЦЕНТАР „ЈАСМИН" КАВАДАРЦИ, И ИСТАТА Е СО ПОВРШИНА ОД 900М2. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО С.ВОЗАРЦИ. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА СЕ ВРШИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ 180 МЕТРИ И Е ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.
ВО НАРЕДНА ФАЗА СЛЕДИ ПОПЛОЧУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ШАХТИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.ШИШКА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО ИНВЕСТИРААТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. АКТИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО С.БОХУЛА СО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





СЕ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000,ОО ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.
ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАРКОТ ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПЕШАЧКА ВРСКА СО КЕЈОТ КОЈ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА НА ИЗГРАДБА И СО ТОА ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ КОМПЛЕТНА ПЕШАЧКА ЗОНА И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНОВИВЕ СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА НА ЗГРАДА НА УЛ.ЛЕНИНОВА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ДПТУ КИМИ ИБРА - КИЧЕВО. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ИЗНЕСУВА 566.400 ДЕНАРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.







ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „ВИТАЧЕВО" КАДЕ НА ИСТАТА ЌЕ СЕ ОФОРМИ ТРОТОАР ЗА БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





СЕ ВРШЕШЕ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА КРУЖЕН ТЕК СПОЈ НА БУЛ.МОША ПИЈАДЕ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЛ.“7МИ СЕПТЕМВРИ“ ОКОЛУ АПАРТМАНИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК.
ДОГОВОРОТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ВО ИЗМИНАТИТЕ ДЕНОВИ ПРИПАДНИЦИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ЗА ЖАЛ СЕ ПОСТОЈАНО НА ТЕРЕН. ЗАПАЛЕНИ КУЌИ ВО С.МАРЕНА И НА УЛ..ДОНЕ ПОПОВ, ПОЖАР НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО С.ДРЕНОВО , ЗАПАЛЕНА СУВА ТРЕВА КАЈ МОТЕЛ ДРЕНОВО, ПРИЈАВА ЗА НЕИСПРАВНА БОЦА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ, ЗАПАЛЕН БОЈЛЕР НА УЛ.МЕТОДИ ЦУНОВ ЏИКОТ.
СЕ АПЕЛИРА ДО ГРАЃАНИТЕ ДА БИДАТ ОДГОВОРНИ, ВНИМАТЕЛНИ И ДА ПРИЈАВУВААТ НА ВРЕМЕ СЕ СО ЦЕЛ БРЗО СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСТАНАТИТЕ ПОЖАРИ.





# НАСТАНИ

ВО МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ ОД СИМУЛАЦИСКА ВЕЖБА "ХУМАНИТАРЕН ОДГОВОР" ОДРЖАНА ВО 2023 ГОДИНА, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ НА МАКЕДОНИЈА. НА ОТВОРАЊЕТО ГОВОРЕА ДИРЕКТОРОТ НА МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈАТА, ЈАКИМ ЗИМОСКИ, КОЈ ГИ ПОЗДРАВИ ПРИСУТНИТЕ ГОСТИ И ЈА ОТВОРИ ИЗЛОЖБАТА, А ЗА САМАТА СИМУЛАЦИСКА ВЕЖБА ГОВОРЕШЕ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ООЦКК ДИМИТАР КАРАКУЛЕВ.



ПРЕКУ ПРОЕКЦИЈА НА ФИЛМОТ "РОЗА НА АСФАЛТОТ", ДЕЛО НА УЧЕНИЦИ ОД ГИМНАЗИЈАТА "ДОБРИ ДАСКАЛОВ", ОРГАНИЗИРАН Е ХУМАНИТАРЕН НАСТАН. СИТЕ СРЕДСТВА ОД ОВОЈ НАСТАН ЌЕ БИДАТ ДОНИРАНИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА НИВНИОТ СОУЧЕНИК БОШКО ЈАНКУЛОВ.






ШТРКОВИТЕ СЕКОГАШ СЕ ВРАЌААТ ВО ИСТОТО ГНЕЗДО. ПОНЕКОГАШ ГО МЕНУВААТ ПОРАДИ НЕКОЈА ПРИЧИНА, КАКО КОГА НЕОДАМНА ИМ ПАДНА ЗАЕДНО СО КАНДЕЛАБРАТА, НО, КОГА ЕКИПА ОД УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМ НАПРАВИ НОВО, ЕВЕ ГИ ПАК НА СТАРОТО МЕСТО.





ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, СЕ РАБОТЕШЕ НА ЧИСТЕЊЕ НА ОТПАДОТ ВО ДЕЛОТ НА СЕЛО БРУШАНИ- ТИКВЕШКО ЕЗЕРО,КАДЕ УЧЕСТВО ЗЕМАА СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НВО КАВАДАРЦИ, С.О.У „ЌИРО СПАНЏОВ БРКО"И ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ", О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ", ВОЛОНТЕРИ ОД ЕКО ЖИВОТ ЗАЕДНО СО КООРДИНАТОР, МЕСНА ЗАЕДНИЦА БРУШАНИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. СО ОВАА АПЕЛИРАМЕ, ПОДДРЖУВАМЕ И ПОТТИКНУВАМЕ НА ЕКОЛОШКИ ИНИЦИЈАТИВИ, СЕ СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.





# НАСТАНИ

ДЕНОВИВЕ ВО ДРАЧ, РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ШВЕДСКОТО КРАЛСТВО СЕ ОДДРЖА ТРЕТАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН. УЧЕСТВО ЗЕМАА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НО И ОД ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ ОД РЕГИОНОТ КАКО СРБИЈА, ЦРНА ГОРА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, МАКЕДОНИЈА И КОСОВО. КОНФЕРЕНЦИЈАТА БЕШЕ ОТВОРЕНА ОД СТРАНА НА ШВЕДСКИОТ АМБАСАДОР ВО АЛБАНИЈА, УНИЦЕФ, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТУРИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО АЛБАНИЈА, ЕКСПЕРТИ ОД ШВЕДСКИОТ ХИДРОЛОШКИ И МЕТЕОРОЛОШКИ ИНСТИТУТ И ШВЕДСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА СЕ ГОВОРЕШЕ ЗА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ И ЗАШТИТА ЗА НИВОТО НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ПАРТНЕР ВО ОВОЈ ПРОЕКТ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ШВЕДСКА БЕШЕ ПРИМЕР КАКО И НА КОЈ НАЧИН СЕ СПРАВУВА СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ ОСОБЕНО ПРЕДИЗВИКАН ОД СООБРАЌАЈОТ И ДОМАЌИНСТВАТА, МЕРЕЊЕ, МАПИРАЊЕ И ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ВО ВРСКА СО ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИТЕЛИ ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ТИМОТ НА АГРОВАРДАР ИЗВРШИ ОБУКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ, ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ АПТЕКИ, ВИНАРИИИ, КОМПАНИИТЕ НА КОИ ГЛАВНА ДЕЈНОСТ Е ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО. НА ОБУКАТА СЕ СТАВИ АКЦЕНТ НА ПРОГРАМАТА КОЈА ОВОЗМОЖУВА ПОЛЕСНО ДЕТЕКТИРАЊЕ НА БОЛЕСТИТЕ И ИНСЕКТИТЕ, СО ТОА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НАВРЕМЕНО ЌЕ СИ ГИ ЗАШТИТАТ НАСАДИТЕ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КАКО И СЕКОЈА, ТАКА И ОВАА ГОДИНА ПРИСУСТВУВА НА ОСМИОТ ПО РЕД МОТО СОБИР ОРГАНИЗИРАН ОД НАШИОТ МОТО КЛУБ ТИКВЕШ РАЈДЕРС ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.

МОТОРЦИИ И ГОСТИ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА И БАЛКАНОТ





# НАСТАНИ

ВО ПРЕДВЕЧЕРИЕТО НА НАЈГОЛЕМИОТ МАСАКР ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, КОГА СВИРЕПО БЕА СТРЕЛАНИ 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, ВЕЧЕРВА ВО ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, ВИНСКИОТ МУЗЕЈ И МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ ГО ПРОМОВИРАА ДРАМСКИОТ ОРАТОРИУМ „ВАТАША" ОД ДРАМАТУРГОТ ЗОРАН ПЕЈКОВСКИ, А ПОЗНАТИ АКТЕРИ МАЕСТРАЛНО ЈА ИЗВЕДИЈА ДРАМАТИЗАЦИЈАТА. ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ... ДА НЕМА ВАКОВ НАСТАН... ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ!





СО БУКЕТИ СВЕЖО ЦВЕЌЕ, ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ЖРТВИТЕ ВО ПАРКОТ „ПОЛАНА" БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 111 ГОДИНИ ОД ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ.
ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ Е ПРВО ОРГАНИЗИРАНО ВООРУЖЕНО ВОСТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПО ИЛИНДЕНСКОТО.
ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ ТРАЕЛО СЕДУМ ДЕНА И ТОЛКУ ТРАЕЛА СЛОБОДАТА НА КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО И ПОВЕЌЕ СЕЛА ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН. МАКЕДОНСКИТЕ ВОСТАНИЦИ ГИ ОСЛОБОДИЛЕ ГРАДОВИТЕ КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО, КАКО И ПЕДЕСЕТТИНА СЕЛА ОД ТОЈ КРАЈ.
ВОСТАНИЕТО БИЛО КРВАВО ЗАДУШЕНО, ЗАГИНАЛЕ ИЛИ БИЛЕ УБИЕНИ ПОВЕЌЕ ОД 1.000 МАКЕДОНЦИ, А ОКОЛУ 2.700 БИЛЕ ЗАТВОРЕНИ. ПРИТОА БИЛЕ ИЗГОРЕНИ ОКОЛУ 1.000 КУЌИ И ДУЌАНИ, ПРЕД СЕ ВО КАВАДАРЦИ И ВО НЕГОТИНО.







# НАСТАНИ

81 ГОДИНА ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ. СО ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЦВЕЌЕ И ПРИГОДНА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА ИМ БЕШЕ ОДДАДЕНА ПОЧИТ НА 12ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ. СО СВОЈ ГОВОР КОН ПРИСУТНИТЕ СЕ ОБРАТИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ:

"ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ, ОД 15 ДО 28 ГОДИНИ ИМАА 12ТЕ МЛАДИ ВАТАШАНИ КОИ НА 16ТИ ЈУНИ ДАЛЕЧНАТА 1943ТА ГОДИНА НА ИСКЛУЧИТЕЛНО БЕСЧУВСТВИТЕЛЕН И ЅВЕРСКИ НАЧИН ГИ ИЗГУБИЈА СВОИТЕ ЖИВОТИ, ОД СТРАНА НА БУГАРСКИОТ ФАШИСТИЧКИ ОКУПАТОР ТОКМУ НА ОВА МЕСТО КАДЕ ШТО СМЕ ДЕНЕС. АКО СЕ НАВРАТИМЕ 7 ГОДИНИ НАНАЗАД. СИГУРНО СИТЕ СЕ СЕЌАВАМЕ ВО КАКВА СОСТОЈБА БЕШЕ ОВАА ЛОКАЦИЈА. ГО РЕКОНСТРУИРАВМЕ СПОМЕНИКОТ, ХОРТИКУЛТУРНО ГО УРЕДИВМЕ ЦЕЛИОТ ПРОСТОР, ГО ОПРЕМИВМЕ СО УРБАНА ОПРЕМА. ДЕНЕС ОВА Е ЕДНО ОД ОМИЛЕНИТЕ ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА НА МЛАДИТЕ И ДЕЦАТА. ИЗМИНАТАТА ГОДИНА ГИ ПОСТАВИВМЕ 12 ТЕ БИСТИ НА 12ТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ И ЈА ОТВОРИВМЕ СПОМЕН СОБАТА ВО НИВНА ЧЕСТ.

СЕТО ОВА Е НАЈМАЛКУ ШТО МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ ЗА НИВНАТА ДАДЕНА ЖРТВА, ЗА НИВНИОТ ДАДЕН ЖИВОТ ЗА НАШАТА МАКЕДОНИЈА.

"СМРТТА СТАНА НЕМОЌНА ПРЕД НАШАТА МЛАДОСТ ИСПРАВЕНА, ПРЕД ОЧИТЕ НАШИ ЗАГЛЕДАНИ УШТЕ ТОА УТРО ВО ИДНИНАТА."

ОВИЕ ЗБОРОВИ СЕ ИСПИШАНИ НА ОВОЈ СПОМЕНИК ДА СВЕДОЧАТ ЗА ОВОЈ КРВАВ ЗЛОЧИН. НИКОГАШ ДА НЕ ГИ ЗАБОРАВИМЕ СТРАДАЊАТА НА ОВИЕ 12 МЛАДИНЦИ, НИКОГАШ ДА НЕ ЗАБОРАВИМЕ ДЕКА ТИЕ, СВОЈОТ ЖИВОТ ГО ДАДОА ЗА ОВА ШТО СМЕ НИЕ ДЕНЕС. ЗА СЛОБОДАТА КОЈА ДЕНЕС ЈА ИМАМЕ.










# НАСТАНИ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖУВА РАБОТИЛНИЦА ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА НА ДОБРИ ПРАКСИ И БИЗНИС МОДЕЛИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА! GIZ, ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И БОВИН ВИНАРИЈА ГИ ПРЕЗЕНТИРАА МОЖНОСТИТЕ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА БИО-ОТПАДОТ КОЈ СЕ СОЗДАВА ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ГРОЗЈЕ И ВИНО. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПРВАТА ВО РЕГИОНОТ КОЈА НАБАВИ И ИСКОРИСТИ БРИКЕТИ ОД ГРАНКИ ОД ВИНОВА ЛОЗА И СО АКРЕДИТИРАНА ПРОЦЕДУРА, ВО СОРАБОТКА СП УГД ДОКАЖАА ДЕКА ИМА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ПМ10 ЧЕСТИЧКИ ЗА 30% СПОРЕДБЕНО СО БУКОВО ОГРЕВНО ДРВО. ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ОВИЕ БИЗНИС МОДЕЛИ Е ДА СЕ ВАЛОРИЗИРА БИО-ОТПАДОТ, СО ШТО ЌЕ СЕ НАМАЛИ ЗАГАДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, А ВОЕДНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ.






ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ОФИЦЕР ОД ВОЕНА АКАДЕМИЈА. НА СРЕДБАТА МУ БЕШЕ ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА ЗА ПОДДРШКА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА.





ВВ ТИКВЕШ СО НОВА ИНВЕСТИЦИЈА ОД 4,2 МИЛИОНИ ЕВРА. НА ОТВАРАЊЕТО НА НОВАТА ЛИНИЈА МЕЃУ ПРИСУТНИТЕ БЕА И ИТАЛИЈАНСКИОТ АМБАСАДОР АНДРЕА СИЛВЕСТРИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.







ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ИТАЛИЈАНСКИОТ АМБАСАДОР АНДРЕА СИЛВЕСТРИ. НА СРЕДБАТА РАЗГОВАРАА НА ПОВЕЌЕ ТЕМИ ЗА РАЗВОЈОТ И ПРОСПЕРИТЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

НА ОВАА СРЕДБА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОБИ И ПРИГОДЕН ПОДАРОК ОД ИТАЛИЈАНСКИОТ АМБАСАДОР СИЛВЕСТРИ ПО ПОВОД 30 ГОДИНИ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ ИТАЛИЈА И МАКЕДОНИЈА.



# СПОРТ

УЛИЦИТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ БЕА ИСПОЛНЕТИ СО НАСМЕАНИ ДЕТСКИ ЛИЦА СО СПОРТСКИ ДУХ. ОВАА МАСОВНА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАРАДА СО ВОЗЕЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ НИЗ УЛИЦИТЕ НА ГРАД КАВАДАРЦИ, ЈА ИМА ТОКМУ ТАА ЦЕЛ, ДА ГИ НАУЧИ ДЕЦАТА ДЕКА СПОРТОТ Е ВАЖНА АЛКА ОД ПРОЦЕСОТ НА ЗДРАВО РАСТЕЊЕ. НА КРАЈОТ ОД ПАРАДАТА ПО ПАТ НА ЛОТАРИЈА БЕА ДОДЕЛЕНИ И ВЕЛОСИПЕДИ НА НАЈСРЕЌНИТЕ ДЕЧИЊА.



ВРАБОТЕНИТЕ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПРВ ПАТ УЧЕСТВУВАА НА 29 ТЕ СПОРТСКИ СИНДИКАЛНИ ИГРИ. ВЕЌЕ ДОКАЖАНИ И УСПЕШНИ ВО РАБОТАТА ШТО ЈА РАБОТАТ , ОВОЈ ПАТ ПОКАЖАА ДЕКА И ТИМСКИ МОЖАТ ДА ПОСТИГНАТ РЕЗУЛТАТИ. ВО СПОРТСКИ ДУХ И ТИМСКА ИГРАА ОСВОЕНИ СЕ 3 ПЕХАРИ.





ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СТОЈАНЧЕ РАМОВ ЗА ПОДДРШКА НА ЗАВРШНИОТ ТУРНИР НА ДЕТСКАТА ЛИГА НА ФФМ. РОДИТЕЛИТЕ НА МЛАДИТЕ ФУДБАЛЕРИ И КООРДИНАТОРОТ НА МЛАДИНСКАТА ШКОЛА, СЕ ЗАБЛАГОДАРИЈА ЗА ОВОЗМОЖЕНИОТ ПРЕВОЗ И ПОДДРШКА НА ЗАВРШНИОТ ТУРНИР НА ДЕТСКАТА ЛИГА НА ФФМ.





ВО ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТ И МЛАДИ ВО 2024 ГОДИНА ВО ДЕЛОТ НА ПРОЕКТИ Е ПРЕДВИДЕНА „ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ" СО ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 10 ГОДИНИ. ДЕНЕС СЕ ОЗНАЧИ ПОЧЕТОКОТ НА ОВАА ШКОЛА И СЕ ВРШИ УПИС НА ДЕЦА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ.

ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ШКОЛАТА ЗА ПЛИВАЊЕ СЕ АНГАЖИРАНИ ПРОФЕСОРИ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД НАШИОТ ГРАД.



# КУЛТУРА

СТАРТ НА КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024!

НЕДЕЛА НА МАКЕДОНСКО-СРПСКА КУЛТУРА, ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО ИЗЛОЖБАТА НА СВЕТЛАНА ДИНГАРАЦ- БЕЛГРАД И КОНЦЕРТОТ НА „КОВИНСКИ БЕЌАРИ" ТАМБУРАШКИ ОРКЕСТАР ОД КОВИН И ТРАДИЦИ-СКИ ОРКЕСТАР ПРИ ООМБУ „ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" ОД КАВАДАРЦИ.





ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ" ВО РЕЖИЈА НА ДИМЕ КОЦЕВСКИ ВО ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ. КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024!





МУЗИКА ЗА ДУША И ЧИТАЊЕ ПОЕЗИЈА. ПРВА НЕДЕЛА ОД КАВАДАР-ЦИ СТРИТ ФЕСТ 2024 ПОСВЕТЕНА НА МАКЕДОНСКО-СРПСКАТА КУЛТУРА.







БАБИНИ ИГРИ ЗА НАЈМАЛИТЕ.







# КУЛТУРА

СО НАСТАПОТ НА ФОЛКЛОРНИТЕ АНСАМБЛИ ЗАВРШИЈА ДЕНОВИТЕ ПОСВЕТЕНИ НА МАКЕДОНСКО-СРПСКАТА КУЛТУРА. КАВАДАРЕЧКИОТ СТРИТ ФЕСТ ПРОДОЛЖУВА СО УШТЕ ГОЛЕМ БРОЈ НА КУЛТУРНИ И ЗАБАВНИ НАСТАНИ.

КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024.







ПАНТОМИМА СО МИМИ И САЛЕ. ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СЕКОЈА ВЕЧЕР Е ИСПОЛНЕТ СО ВЕДРИ ЛИЦА И ДЕТСКА ИСКРЕНА НАСМЕВКА.

КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024.











Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Шалева
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: БИКОВ
**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk